**Акционерско друштво за производство и промет на вино**
**ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД - Кавадарци**

TIKVEŠ

# СЕДНИЦА
# СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВВ – ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ
# 08.04.2024 година (Понеделник)

**Април 2024, Скопје**

Бр. 0202-892/3
06.03.2024

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ**
**ВОНРЕДНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Вонредната седница на Собранието на акционерите на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **08.04.2024 година (понеделник)** во 12:00 часот во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото во седиштето на Подружница Управа во Скопје на ул.Димче Беловски бр.2, Гази Баба, Скопје секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0202-872/2
06.03 2024

Врз основа на член 32,34,35,64 и 69 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци Управниот Одбор на седница одржана на ден 06.03.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за свикување Вонредно Собрание на акционерите**
**на ВВ - ТИКВЕШ АД – Кавадарци**

1. СЕ СВИКУВА Вонредно Собрание на акционерите на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци на ден **08.04.2024 година (понеделник)** во **12:00 часот** во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба – Скопје.

2. За Вонредното Собрание на акционерите на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг

3. За свикување на Вонредното Собрание на акционерите на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци да се подготви Јавен повик за свикување и одржување на Вонредно Собрание на акционерите на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци и да се објави во најмалку еден дневен весник на територија на Република Северна Македонија.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ**
**ВОНРЕДНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Вонредната седница на Собранието на акционерите на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **08.04.2024 година (понеделник)** во 12:00 часот во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото во седиштето на Подружница Управа во Скопје на ул.Димче Беловски бр.2, Гази Баба, Скопје секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**За работа на Собранието на акционерите на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци на 08.04.2024 година**

**Т.1. Донесување на Одлука за пристапување кон долг**

- **Предлог одлука за пристапување кон долг**

Врз основа на член 31 од Статутот – пречистен текст октомври 2020 година на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Скопје со ЕМБС 5275890 ( Во понатамошен текст: Друштвото) и член 456 и 457 од Законот за трговски друштва, Собранието на седницата одржана на ден 08.04.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за пристапување кон долг**

1. Се дава согласност Друштвото да пристапи кон:
- Договор за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршност, под бр.02-140-49/2 од 26.01.2024 година, на износ до 775.000.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања;
- Договор за рефинансирање на побарувања на Банката под број 02-110-240/2 од 29.03.2019 година на износ до 426.250.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања;
- Договор за одобрување на долгорочен кредит под број 02-140-521/2 од 24.12.2019 година на износ до 7.400.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања,
склучени помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Друштвото за инжинеринг и услуги М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.

2. Се дава согласност Друштвото да акцептира и трасира по 1 (една) бланко сопствена акцептирана меница со менична изјава, уредена со Нотарски акт и клаузула за извршност.

3. Се овластува Генералниот директор на Друштвото ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во име и за сметка на Друштвото да склучи и потпише договор за пристапување кон долг, Нотарските акти за меница и сета документација потребна за реализација на оваа Одлука.

4. Се овластува Друштвото да склучи соодветен договор со М-6 ЕДЕН ДОО Скопје, кој ќе обезбеди со секоја евентуална исплата од Друштвото врз основа на оваа Одлука да биде засновано соодветно побарување кон М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.

5. Оваа Одлука е донесена согласно правилата за одобрување на голема зделка и правилата за зделка со заинтересирана страна предвидени во Законот за трговски друштва.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на акционери**
**ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**
**Претседавач:**

______________________